1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51



СЛУЖБ…
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕД… …ОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 26 ноември 1976
БЕЛГРАД
БРОЈ 52 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 36 динари. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динара. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.

**750.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ“, бр. 31/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА КОИ ПРИ УВОЗОТ СЕ ПЛАЌА ПОСЕБНА ТАКСА

1. Во Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посебна такса („Службен лист на СФРЈ“, бр. 61/75, 15/76, 17/76 и 44/76), точката 3а се брише.

2. Посебната такса во износ од 2 динари за еден kg морска сол за јадење пропишана со точка 3а од Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посебна такса, не се плаќа на увозот на морска сол за јадење извршен почнувајќи од 9 октомври 1976 година, а ако таксата е платена — ќе ѝ се врати на организацијата на здружен труд што ја платила таксата, на нејзино барање.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр 900
11 ноември 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

---

**751.**

Врз основа на член 45 став 1, член 46 став 2 и член 55 став 2 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/74), во врска со член 102 став 2 од Законот за основите на системите за врски („Службен лист на СФРЈ“, бр. 24/74) директорот на Југословенскиот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА АТЕСТИРАЊЕТО И НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ И ДРУГИ ПОСТРОЈКИ, УРЕДИ И АПАРАТИ НА КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИТЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА РАДИОПРЕЧКИ

Член 1

Електричните и други постројки, уреди и апарати, произведени во Југославија или увезени заради користење во Југославија, мораат да имаат атест за тоа дека на нив се спроведени мерките за отстранување на електричните пречки, утврдени со југословенските стандарди за отстранување на радиопречките.

Член 2

Организацијата на здружен труд што ги произведува, увезува, односно пушта во промет електричните и другите постројки, уреди и апарати од член 1 на овој правилник, или изведува работи на нивната изградба или вградување, должна е пред пуштањето во промет, односно пред предавањето на употреба на таквите постројки, уреди или апарати да прибави атест со кој се потврдува дека тие се произведени односно изведени во согласност со југословенските стандарди за отстранување на радиопречките (во натамошниот текст: атест RSO).

Граѓаните што поединечно внесуваат од странство електрични постројки, уреди и апарати од член 1 на овој правилник можат да ги користат во Југославија само ако им одговараат на југословенските стандарди за отстранување на радиопречките.

Член 3

Атестот RSO се однесува на типот на производот.

Производите од член 1 на овој правилник го имаат знакот „RSO“ со кој се означува дека на нив се спроведени мерките за отстранување на радиопречките и дека е извршено атестирање според југословенските стандарди за отстранување на радиопречките.

Член 4

Означувањето на производите од член 1 на овој правилник се врши со ставање ознака (натпис) на видно место врз производот. Големината, обликот и начинот на означувањето ќе се прислособи кон големината и обликот на постројката, уредот, односно апаратот што се означува.

Ознаката од став 1 на овој член мора да содржи:
1) знак „RSO“, кој означува дека се спроведени мерките за отстранување на радиопречките;
2) буквена ознака на организацијата што го издала атестот;
3) ознака на годината на издавањето на атестот;
4) број на атестот.

Првите две места во бројчениот дел на ознаката од овој член ја означуваат годината на издавањето на атестот, а другите места — бројот на атестот.

Другите елементи за означувањето, декларирањето, обележувањето и пакувањето на производите од член 1 на овој правилник се пропишуваат со југословенските стандарди за одделни производи.

Член 5

Организациите што ги издаваат атестите RSO мораат да бидат за таа дејност овластени или регистрирани кај надлежниот суд, во согласност со важечките прописи.

Член 6

Организациите што ги издаваат атестите RSO мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат специјализирана лабораторија, заштитена од надворешни радиофреквенциски пречки, како и мерен полигон и опрема за испитување и мерење што во поглед на техничките карактеристики и точноста им одговара на југословенските стандарди за отстранување на радиопречките;

2) да имаат работници оспособени за мерење и испитување на подрачјето на радиопречките, со тоа што мораат да имаат најмалку еден дипломиран инженер за телекомуникации.

Член 7

Организациите што ги издаваат атестите RSO се должни својата опрема за атестирањето на RSO да ја подложуваат на баждарење, во согласност со важечките прописи.

Член 8

Условите за издавање на атестот RSO со кој се потврдува дека врз производот се спроведени мерките за отстранување на радиопречките се утврдуваат и мострите се земаат на начинот пропишан со југословенските стандарди JUS N.N0.910.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Наредбата за означување на електричните и други апарати, уреди и постројки на кои се спроведени мерки за отстранување смеќавањата во приемот на радио-емисии („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/66).

Член 10

Овој правилник влегува во сила по истекот на 60 дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П-11982/1
22 ноември 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 752.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МАГНЕТНИ СОСТАВНИ ДЕЛОВИ И ФЕРИТИ

1. Се донесуваат следните југословенски стандарди:

Прикажување на особините на феритни јадра за трансформатори за дотерување и индуктивни калеми за телекомуникации — — — — — JUS N.R8.007

Прикажување на особините на феритни јадра за широкопојасни трансформатори за телекомуникации — JUS N.R8.008

Податоци за феритните материјали во каталози на производителите на јадра за трансформатори и калеми JUS N.R8.009

Гранични вредности на механички неправилности на феритни јадра — JUS N.R8.060

Методи на мерење на феритни антенски стапови — — — — — JUS N.R8.121

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1977 година.

Бр. 16а-8060/1
11 февруари 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 753.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ АПАРАТИ ЗА ДОМАЌИНСТВО И СЛИЧНА УПОТРЕБА

1. Се донесуваат следните југословенски стандарди:

Безбедност на електронските апарати за домаќинство и слична употреба:

— Технички услови и начин на проверување — — — — — — JUS N.N0.201

— Апарати заштитени од прскање со вода — — — — — — — JUS N.N0.202

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1977 година.

Бр. 16а-7134/1
3 март 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 754.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА РАДИОКОМУНИКАЦИИТЕ

1. Се донесуваат следните југословенски стандарди:

Радиоприемници за различни видови емисии. Мерење на ауидиофреквенцискиот дел:

— Аудиофреквенциски влезни сигнали и влезни кола — — — — JUS N.N6.050

— Аудиофреквенциски изобличувања — — — — — — — — JUS N.N6.051

— Аудиофреквенциска осетливост JUS N.N6.052

— Аудиофреквенциски карактеристики на одзив — — — — — JUS N.N6.053
— Стереофонски карактеристики JUS N.N6 054
— Други мерења — — — — JUS N.N6.055

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1977 година.

Бр. 16а-8059/1
3 март 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 755.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ЕЛЕКТРОАКУСТИКА

1. Се донесува југословенскиот стандард:

Електроакустика. Скали и размери за цртање на фреквенциски карактеристики и поларни дијаграми — — JUS N.N4.020

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1977 година.

Бр. 16а-7569/2
3 март 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 756.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ГУМЕНИ И ПЛАСТИЧНИ ЦРЕВА

1. Се донесува југословенскиот стандард:

Гумени и пластични црева. Внатрешни пречници, толеранции на должините и испитни притисоци — — JUS G.C6.007

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1977 година.

Бр. 24-11221/1
8 ноември 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 757.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПОДНИ ПОКРИВАЧИ ОД ПЛАСТИЧНА МАСА И ГУМА

1. Се донесуваат следните југословенски стандарди:

Подни покривачи:
— Определување на дебелината на покривниот слој — — — — — JUS G.S2.756
— Испитување на свитливоста на подните покривачи со свиткување околу валјак — — — — — — JUS G.S2.757
— Определување на лизгавоста. Мерење на коефициентот на триење JUS G.S2.758

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение, се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1977 година.

Бр 24-11222/1
8 ноември 1976 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 758.

Врз основа на член 64 став 1 во врска со член 63 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72 и 13/76), Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници донесува

## ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ

1. Старосните, инвалидските и семејните пензии, усогласени според член 62 и член 63 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници, се усогласуваат со движењето на просечните трошоци на животот во СФРЈ така што се зголемуваат почнувајќи од 1 јули 1976 година во процент од исплатената пензија за јуни 1976 година според чинот и класата што, во смисла на член 17 став 2 од тој закон, служеле за определување на пензискиот основ, и тоа:

1) 5% — за генерал на армија, генерал-полковник, генерал-потполковник и генерал-мајор;

2) 5,5% — за полковник, потполковник, мајор и воени службеници од I, II и III класа;

3) 6% — за капетан I класа, капетан, поручник, потпоручник, заставник I класа, заставник, постар водник I класа, постар водник, водник I-класа, водник и воени службеници од IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI и XII класа.

2. Вкупниот износ на пензијата и на додатокот кон пензијата на носителите на „Партизанска споменица 1941", на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година не може да го премине износот на највисокиот месечен личен доход на функционерите на Собранието на СФРЈ, од претходната година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 35
23 ноември 1976 година
Белград

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
генерал-потполковник
**Мирко Новович**, с. р.

---

**759.**

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, во согласност со Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1975 година и Резолуцијата за заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1976 година, Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Стопанската комора на Југославија, Постојаната конференција на градовите на Југославија, Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на социјалистичките републики и извршните совети на собранијата на социјалистичките автономни покраини, склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СТАНБЕНАТА ИЗГРАДБА

Тргнувајќи од значењето на станбената изградба и домувањето за условите на животот и стопанисувањето на работниците, работните луѓе и граѓаните, како и од потребата за обезбедување што поефикасно општествено влијание врз обемот, квалитетот и трошоците на изградбата на станови и населби, согласно со Основите на заедничката политика на долгорочниот развој на СФРЈ до 1985 година, учесниците на овој општествен договор се обврзуваат дека секој, во рамките на својата надлежност, со соодветни мерки ќе придонесува кон создавањето на услови за рационализација на станбената изградба, а со тоа и за стабилизација на цените и релативно намалување на трошоците на изградбата и експлоатацијата на станови, со истовремено подобрување на условите на домувањето.

### I. Основни претпоставки за договарањето

Член 1

Општествено договарање за рационализација на станбената изградба и за нејзиното влијание врз стабилизацијата на цените и релативно намалување на трошоците на станбената изградба тргнува од:

1) значењето и улогата на самоуправното организирање во станбено-комуналната област и влијанието на здружениот труд непосредно и преку самоуправната интересна заедница врз проширената репродукција на станбената изградба;

2) потребата за усогласување на односите помеѓу учесниците во општественото насочување на станбената изградба;

3) улогата и значењето на плановите и програмите за станбена и комунална изградба и на програмите за уредување на земјиштето за градење, како и потребата на нивното усогласување;

4) поцелосното користење на достигањата на науката и техниката, како и интензивирањето на научно-развојната работа во областа на станбената и комуналната изградба и координирањето и финансирањето на таа работа.

### II. Цел, содржина и подрачје на применувањето на овој општествен договор

Член 2

Целта на општественото договарање за рационализацијата на станбената изградба и нејзиното влијание врз стабилизацијата на цените и релативното намалување на трошоците за изградба на станови и населби е реализација на програмираниот обем на станбената изградба што бара насочување и рационализација на целокупниот процес на станбено-комуналната изградба, и тоа на:

1) урбанистичкото и архитектонското проектирање;

2) развојот на технологијата на градењето, вклучувајќи ги и градежните, завршните и инсталационите работи;

3) организацијата и подготвувањето и комуналното опремување на земјиштето за градење;

4) експлоатацијата на изградените станови и населби;

5) финансирањето и кредитирањето на станбената изградба и др.

Член 3

Спроведување на рационализацијата предвидена со овој општествен договор, се однесува на целокупната општествена и индивидуална станбена изградба, што на тој начин општествено се насочува.

Член 4

Во рамките на општественото насочување на станбената изградба, остварувањето на рационализацијата на станбената изградба бара општествено договарање во општината, градот, автономната покраина, републиката и федерацијата, како и самоуправно спогодување на градителите на станови и нивните асоцијации и соодветните интересни заедници.

Член 5

Со овој општествен договор се утврдуваат:

1) принципите на општественото договарање за рационализација на градењето и намалувањето на трошоците за изградба и експлоатација на становите;

2) непосредните задачи на учесниците на овој општествен договор за рационализацијата.

Член 6

Како рационализација, во смисла на овој општествен договор, се сметаат мерките што влијаат врз намалувањето на трошоците за изградба и експлоатација на станови и населби, при зачувување на ненамалената употребна вредност на станот, односно населбата (функционалност и квалитет) во рамките на договорените стандарди.

Член 7

Рационализацијата на станбената изградба претставува трајна активност на сите учесници на овој општествен договор во изнаоѓањето на оптимални решенија, размена на искуства и применување на мерки на рационализацијата во изградбата на станови, станбени згради и населби.

Член 8

Рационалната станбена изградба бара обезбедување особено на:

1) долгорочни систематски решенија;

2) континуирано планирање и следење на целиот процес на подготвувањето и изградбата (вклучувајќи го и подготвувањето и уредувањето на земјиштето) на станови, станбени згради и населби;

3) усогласен развој на капацитетите и асортиманите на индустријата на градежни материјали и на капацитетите за производство на елементи за градење на станови што се предвидени со соодветните планови;

4) економични серии, концентрација на изградба и континуитет на производството врз основа на долгорочни договори и самоуправни спогодби;

5) заедничко програмирање, планирање, проектирање и градење на станови станбени згради и населби, како и утврдување на одговорноста на секој учесник во станбената изградба;

6) приспособувањето на прописите за техничките нормативи и стандарди, кон потребите на развојот на индустриското производство на елементи за градење на станови;

7) интензивна и координирана научноистражувачка работа, заснована врз заеднички проекти за развојот;

8) единствен и ефикасен информационен систем.

### III. Мерки за рационализација

Член 9

Мерките за рационализација во областа на градењето на станови, индустријата на градежни материјали и производството на елементи за градење на станови, се:

1) применување и унапредување на рационални високопродуктивни системи во градењето на станови и станбени згради;

2) индустриско производство на елементи за градежни, завршни и инсталациони работи;

3) типизација на елементи за сродни технолошки системи на градење;

4) применување на современи градежни материјали;

5) применување на современи методи на проектирање на објекти и населби;

6) програмирање на трошоците за градење;

7) применување на мерките за оптимална експлоатација на станови;

8) применување на современа организација на градење;

9) специјализација на стручни кадри заради овладување со процесот на индустрискиот начин на градење.

Член 10

Мерките за рационализација во областа на градењето на станови во организациите на здружен труд, во коморите и други општи здруженија на организациите на здружен труд, во самоуправните интересни заедници на домувањето и во другите заедници, општини, односно градови, се;

1) изработка на соодветни програми за станбена изградба, како и следење на нивната реализација;

2) поттикнување на индивидуалната станбена изградба;

3) утврдување на стандарди и нормативи за рационално проектирање на станови, станбени згради и населби;

4) навремено подготвување на урбанистичка документација и комунално опремување на земјиштето за градење;

5) создавање услови за долгорочно договарање на станбената изградба во големи серии и на комплексни градилишта.

6) обезбедување на трајна и рамноправна соработка на сите учесници во станбената изградба;

7) поттикнување на рационализацијата и индустријализацијата на станбената изградба;

8) рационализација на постапката при определување на локацијата и издавање соодветни исправи за градење;

9) поттикнување на самоуправното спогодување за индустријализацијата на станбената изградба во општината;

10) поттикнување на планскиот развој на капацитетите за индустриски начин на градење;

11) обезбедување услови за непрекинато кредитирање и финансирање на комуналното опремување на земјиштето, изградбата на станови, како и кредитирање на купувачите на станови;

12) функционално и економско вреднување на урбанистичката и проектната документација во станбената изградба;

13) поттикнување на самоуправното здружување на трудот и средствата заради рационализација на производството;

14) преземање мерки за рационално користење на станбениот фонд;

15) издвојување наменски средства за научна и развојна работа во оваа област.

Член 11

Мерките за рационализација во областа на градењето на станови во републиките и автономните покраини, што се остваруваат во коморите и другите општи здруженија на организациите на здружен труд, републичките, односно покраинските интересни заедници или сојузите, се:

1) изработка на среднорочен план на станбената изградба и преземање на соодветни мерки за негово извршување;

2) координација на активноста на сите учесници во станбената изградба;

3) подобрување на системските решенија, особено во областа на финансирањето и кредитирањето на станбената изградба;

4) утврдување на рамковните критериуми за кредитирање на станбената изградба со што се поттикнува рационализацијата во таа област;

5) настојување да се изедначат стандардите на станот и населбата;

6) усогласување на развојот на капацитетите на производителите на станови заради индустриски начин на станбена изградба и на другите објекти на високоградбата;

7) стимулирање на развојот на индустријализацијата на станбената изградба со соодветни економски мерки, со кредитната политика и со други мерки;

8) здружување на средствата за инвестиционо вложување во клучни капацитети на индустријата на градежни материјали и производството на елементи за градење на станови;

9) создавање услови за развој на типизацијата на елементите за градење на станови;

10) утврдување на критериумите за прифаќање на индустриските системи на градење;

11) програмирање, координирање и интензивирање на научно-истражувачката работа во областа на станбената изградба;

12) обезбедување, за потребите на учесниците во станбената изградба, информации за современите начини на градење.

Член 12

Мерките за рационализација во областа на градењето на станови на ниво на федерацијата се:

1) давање иницијатива и преземање мерки за извршување на планот на станбената изградба;

2) усогласување на развојните правци на индустрискиот начин на станбената изградба;

3) усогласување на економските мерки за поттикнување на развојот на индустријализацијата на станбената изградба;

4) донесување на потребни прописи за техничките нормативи и стандарди, заради унапредување на индустрискиот начин на градење на станови;

5) утврдување на единствена методологија за определување на цените на становите;

6) утврдување на материјалниот биланс на основните градежни материјали и обезбедување на тие материјали при што е можно постабилни цени;

7) координација на научноистражувачката работа во оваа област;

8) координација на меѓународната научна соработка во оваа област.

Член 13

Учесниците на овој општествен договор во текот на извршувањето на овој општествен договор ќе се спогодуваат за подготвување и издавање на стручна литература за рационализацијата на станбената изградба.

IV. Обврски на учесниците на овој општествен договор

Член 14

Сојузната конференција на ССРНЈ се обврзува:

1) организациите и органите на социјалистичкиот сојуз на сите нивоа да го иницираат донесувањето и спроведувањето на општествените договори и самоуправните спогодби за рационалната станбена изградба, за подоброто користење на станбениот фонд и за поефикасното решавање на станбените потреби на граѓаните, за да се спроведува доследно усвоената политика во областа на станбената изградба;

2) да го следи применувањето на овој општествен договор заради обезбедување на организирано општествено влијание врз создавање оптимални услови за остварување на програмираниот обем на рационалната изградба на станови за потребите на жителите на градовите и селата;

3) преку средствата за јавно информирање да влијае врз создавањето на општествени услови за извршување на овој општествен договор;

4) да го поттикнува натамошниот развој на самоуправните односи во оваа област, преку активноста на куќните совети и остварувањето на улогата на месните и самоуправните интересни заедници на домувањето, на самоуправните интересни заедници во комуналните дејности и во управувањето со градежното земјиште, како и преку други заедници во кои работните луѓе ги остваруваат своите самоуправни права;

5) особено да се залага за донесување, усвојување и спроведување на соодветните програми за станбена изградба во основните организации на здружен труд, во месните и самоуправните интересни заедници, во општините, во регионите, во автономните покраини и републиките, и да го разгледува и следи извршувањето на тие програми и планови.

6) да се залага за склучување и извршување на општествените договори и самоуправните спогодби на сите нивоа, со кои може да се обезбеди остварувањето на планираниот обем на станбената изградба, како и релативно намалување на трошоците за градење и цената на становите;

7) да ја поттикнува општествено-политичката и стручната активност на сите организирани општествено-политички сили, општествените организации, задружните организации и стручните здруженија заради остварување на овој општествен договор;

8) да иницира политичка одговорност за остварување на овој општествен договор.

Член 15

Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија се обврзува:

1) активноста на Синдикатот да ја насочува кон поврзување и здружување, врз самоуправни основи, на сите учесници во станбената изградба, како и кон поттикнување на индустријализацијата на станбената изградба;

2) активноста на своите организации да ја насочува кон донесување и реализација на програмите за рационализацијата на станбената изградба;

3) своите организации во организациите на здружен труд да ги поттикнува да придонесуваат кон донесувањето и остварувањето на тековните, среднорочните и долгорочните планови и програми за развој во областа на станбената изградба и домувањето;

4) да го поттикнува наменското користење и здружување на средствата за станбена изградба, како и преиспитувањето на важечките прописи во оваа област;

5) да го иницира донесувањето и спроведувањето на самоуправните акти заради рационално користење и одржување на станбениот фонд;

6) заедно со другите општествено-политички организации, да го иницира развојот на научната и истражувачката работа во станбено-комуналната изградба.

Член 16

Стопанската комора на Југославија се обврзува:

1) да ги усогласува акционите програми за реализација на станбената изградба, што ги донесуваат организациите на здружен труд во областите на производството на градежни материјали и на производството на елементи за индустриско-градење на станови и за изградба на станови;

2) кај стопанските комори на републиките, кај стопанските комори на автономните покраини и кај основните комори да поведе иницијатива за склучување на меѓурепублички самоуправни спогодби во асоцијациите на производителите на градежни материјали и на производителите на елементи за градење на станови во смисла на член 9 од овој општествен договор;

3) да го поттикнува здружувањето на трудот и средствата на производителите во областа на индустриското производство на градежни материјали, градителите на станови, производителите на елементи за градење на станови и другите капацитети за индустриска изградба на станови;

4) да го поттикнуваат здружувањето на средствата за здружена научноистражувачка работа во областа на рационализацијата и индустријализацијата на станбената изградба;

5) да организира стручни советувања, семинари, изложби и да презема други активности заради унапредување на станбената изградба;

6) да ги поддржува иницијативите за склучување и остварување на општествените договори и самоуправните спогодби за рационализацијата на станбената изградба.

Член 17

Постојаната конференција на градовите на Југославија се обврзува:

1) да работи врз унапредување на методологијата на планирањето на станбената изградба во општините и градовите и за таа цел да овозможи размена на искуства во изработката и спроведувањето на долгорочните и среднорочните програми и планови на станбена изградба во општините, самоуправните интересни заедници и организациите на здружен труд;

2) преку своите тела да придонесува кон побрзото спроведување на мерките за рационализација на станбената изградба, особено во областа на урбанизмот, уредувањето на земјиштето и развојот на комуналните дејности;

3) да поведува иницијатива за утврдување на заедничката приоритетна програма за истражување во областа на домувањето во рамките на меѓурепубличката соработка.

Член 18

Сојузниот извршен совет се обврзува:

1) да обезбеди донесување на потребни прописи за техничките нормативи и стандарди за индустриски начин на изградба на станови, а особено за:

— минималните технички норамативи за изградба на станови;

— заштитата на становите и зградите од земјотрес, пожар и др.;

— стандардите на градежните елементи и другите производи што се применуваат во станбената изградба;

— нормативите за звучната, термичката и друга физикална заштита на зградите;

2) со економски мерки:

— да го поттикнува индустриското производство и пласманот на рационалните стандардни, градежни елементи за станбена изградба;

— да го поттикнува домашното производство и увозот на опрема што недостига, потребна за индустриски начин на градење;

3) да презема мерки за обезбедување потребен биланс на основни градежни материјали, при што е можно постабилни цени.

Член 19

Извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини се обврзуваат да донесат прописи и да преземат потребни мерки, како и да предлагаат донесување на прописи и преземање на мерки за чие донесување односно спроведување се надлежни собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, а особено:

1) во предвидените рокови да се подготват и утврдат плановите на станбената изградба;

2) со плановите на станбената изградба да се утврдат мерките и да се обезбедат условите за нивно ефикасно извршување;

3) да се преземат мерките потребни за побрзо самоуправно организирање на станбено-комуналната област;

4) низ среднорочните планови за развој на стопанството на републиката, односно на автономната покраина да се обезбеди усогласен развој на капацитетите за индустријализација на станбената изградба и на другата високоградба, вклучувајќи го и производството на градежни материјали и градежни елементи;

5) со економски мерки да се поттикнува развојот на клучните капацитети за индустријализирано градење, водејќи при тоа сметка за усогласување на развојот на територијата на Југославија;

6) со економски мерки да се обезбедат поповолни услови на производството и пласманот на рационални стандардни елементи за индустријализација на станбената изградба;

7) со самоуправните организации и заедници во областа на научноистражувачката дејност да се утврди среднорочната програма за научноистражувачка работа во областа на унапредувањето на станбено-комуналната изградба и да се договорат за изворите на средствата за реализацијата на тие програми;

8) да настојуваат да се изедначат стандардите на населбите и становите за општествена и индивидуална станбена изградба.

Републиките и автономните покраини можат да склучат посебен договор за условите и начинот на подготвување на урбанистичката и техничката документација за градењето на станбените згради и населби.

Член 20

Учесниците на овој општествен договор се обврзуваат дека ќе организираат следење на остварувањето на овој општествен договор и ќе обезбедат меѓусебна размена на искуства. Учесниците на овој општествен договор ќе преземат, по потреба, и посебни мерки за забрзување на спроведувањето на овој општествен договор.

Член 21

Кон овој општествен договор можат да пристапат и други организации, сојузи и заедници, заинтересирани за рационализацијата на станбената изградба.

## V. Завршни одредби

Член 22

Овој општествен договор влегува во сила кога ќе го потпишат сите учесници.

Член 23

Овој договор е потпишан од овластените претставници на учесниците на овој општествен договор во соодветен број идентични и автентични примероци.

Член 24

Овој општествен договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

За Сојузниот извршен совет,
член на Сојузниот извршен совет,
**Мугбил Бејзат**, с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина
